ФЕРШПЕД АД Скопје

Годишно собрание

**Друштво за меѓународна и внатрешна**
**шпедиција со јавни и царински складишта**
**ФЕРШПЕД АД**
**Бр. 02- 832/11**
**22.05.2025 година**
**Скопје**

Врз основа на член 27 ст.3 од Статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје, а во согласност со одредбите 343 став 1, 344, 365 и 367 од Законот за трговските друштва, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 22.05.2025 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### за избор на членови на Одбор на директори на ФЕРШПЕД АД Скопје

**Член 1**

На членовите на Одборот на директори на ФЕРШПЕД АД Скопје:

1. **Штерјо Наков – неизвршен член - Претседател**
2. **Драган Наков - извршен член**
3. **Анета Лазарова – неизвршен член**
4. **Лидија Трајковиќ – неизвршен - независен член**
5. **Игор Митев – неизвршен член**
6. **Иван Бошковски – неизвршен член**

Мандатот за кој се избрани им истекува заклучно со 17.05.2025 година.

**Член 2**

За неизвршни членови на Одборот на директори на ФЕРШПЕД АД Скопје, со мандат од 4 (четири) години сметано од денот на донесување на оваа одлука, се избираат :

- **Штерјо Наков - неизвршен член**
- **Драган Наков - неизвршен член**
- **Анета Лазарова - неизвршен член**
- **Игор Митев - неизвршен член**
- **Иван Бошковски - неизвршен член**
- **Лидија Трајковиќ - неизвршен - независен член**

**Член 3**

На Неизвршните членови на Одборот на директори ќе им се исплаќа месечен паричен надомест во нето износ од 20.000 денари по член.

На претседателот на одборот ќе му се исплаќа паричен надомест во износ од единаесет објавени просечно исплатени нето плати по работник во стопанството во Република Северна Македонија.

**Член 4**

Се задолжуваат лицата од член 2 на оваа Одлука, избрани за членови на Одборот на директори на ФЕРШПЕД АД, по донесување на оваа Одлука да одржат конститутивна седница на која од избраните членови ќе изгласаат извршен член и

Претседател на Одбор на директори.

Се овластува Претседателот на Одборот на директори да ополномошти регистрационен агент да ја поднесе пријавата за упис на членовите на Одборот на директори во Централен регистар на РСМ.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение :**

Согласно изминување на мандатот на членовите на одборот на директори на ФЕРШПЕД АД Скопје, и одлуката за измена на Статутот на друштвото, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на 22.05.2025 година согласно одредбите од Закон за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во дипозитивот.

**Годишно собрание на акционери**
**Претседавач**

______________________

**Елена Спиреска - Кочевска**

ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ